Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04-4410/16 од 01-07-2026 година

Врз основа на член 11 и член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19, бр.14/20, бр.215/21, бр.99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.329/2026

1. За извршител на работно место **Помошник раководител на сектор за јавни набавки, Сектор за јавни набавки и општи работи -1 извршител,** со шифра на работно место УПР0101Б03000, се избира кандидатот

**-Михајло Чункоски со идентификациски код 521D255**

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од Точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

Во врска со Јавен оглас бр.329/2026, објавен на ден 20.05.2026 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха за потреба од вработување на административни службеници - 1 извршител во Општина Кисела Вода, за работно место **Помошник раководител на сектор за јавни набавки, Сектор за јавни набавки и општи работи,** преку спроведување на постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение од Агенцијата за администрација бр.10-1375/4 од 21.05.2026 година спроведе постапка за административна селекција за административен службеник со Записник бр.10-1375/5 од 08.06.2026 година и наш арх.бр.04-4410/12 од 08.06.2026 година, Испит за административен службеник со Записник бр.10-1375/7 од 24.06.2026 година и наш арх.бр.04-

4410/13 од 24.06.2026 година, како и Записник за спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1375/8 од 25.06.2026 година и наш арх.бр.04-4410/14 од 25.06.2026 година.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21, бр.99/22 и 208/24) и врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр. 329/2026 со бр.10-1375/9 од 26.06.2026 година и наш арх.бр.04-4410/15 од 30.06.2026година, се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на институцијата.

Изработил
Олгица Велковска
Контролирал/одобрил
Милена Ѓоргиевска

СЕКРЕТАР
на Општина Кисела Вода
Марија Исовска